РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
- ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

09-1091/5
27 -05- 2019

Врз основа на член 22 став и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Северна Македонија" број 12/2019), Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) на 17 - та седница одржана на ден 22 мај 2019 година донесе

**Одлука**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за нејзино натамошно постапување во предметот со број 09-1091/1 од 07.03.2019 година, односно нема сомневање за постоење на судир на интереси за да поведе постапка и да утврди судир на интереси.

Предметот со број 09-1091/1 од 07.03.2019 година, да се затвори и да се архивира.
Одлуката на ДКСК, со образложението, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Предметот со број 09-1091/1 од 07.03.2019 година е оформен врз основа на добиени сознанија од медиумите во Република Северна Македонија, а се однесува на постапка за утврдување постоење судир на интереси за лицето Живомир Богдановски, во постапка за вработување во Основен суд Скопје I Скопје, син на Владо Богдановски, член на Судски совет.

По добиени сознанија, од медиумите во Република Северна Македонија, Државната комисија за спречување на корупцијата заклучи, согласно член 76 став 1 и 2 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, по службена должност, да иницира и да поведе постапка за утврдување постоење судир на интереси за лицето Живомир Богдановски.

Државната комисија за спречување на корупцијата се обрати до Основен суд Скопје I Скопје, со цел прибирање на документи, податоци и информации заради утврдување на фактичката состојба и испитување на наводите од медиумите за постоење на состојба на судир на интереси.

Побараните податоци од наведената институција беа уредно доставени, согласно законскиот рок.

На седницата одржана на ден 22 мај 2019 година, по разгледување на сите предметни наводи, Државната комисија за спречување на корупцијата констатира дека не

се потврдуваат наводите изнесени во медиумите, бидејќи лицето Живомир Богдановски е вработено на работно место Помлад судски соработник со Договор на определено време од 24.01.2019 година до 31.12.2019 година, согласно Законот за работни односи.

Согласно погоре наведеното не е утврдено влијание при постапка за вработување на лицето Живомир Богдановски, од страна на неговиот татко, Владо Богдановски, член на Судски совет.

Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**